3825и

НОВА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ, 11. IV. 1991, 15881, 10,

ВО СЕПТЕМВРИ ВО МСУ

# Второ биенале на младите

● Делата за оваа манифестација организаторот, ќе ги прима до крајот на овој месец

Организаторот на „Биеналето на младите" – Музејот на современата уметност од Скопје – трудовите на учесниците на оваа манифестација која годинава ќе се одржува од први септември до први октомври во МСУ, ќе ги прима до Први мај.

Музејот, исто така, ги објавува и деталните пропозиции за учесниците на оваа двегодишна ликовна манифестација.

Манифестацијата го опфаќа творештвото на младите во неколку области: сликарството, скулптурата, графиката, архитектурата, фотографијата и други форми на креативна визуелна презентација. На него можат да учествуваат сите автори кои живеат во Македонија, како и македонските автори кои живеат надвор од Републиката. Пријавените дела на биеналето ги селектира и оценува жири што го именува Стручниот колегиум на Музејот на современата уметност. Изборот ќе се врши врз основа на увидот во оригиналните дела или пак, во зависност од карактерот на делото или ситуацијата, врз основа на фотографии, слики или слично.

Авторите конкурираат со едно до две дела настанати исклучиво во периодот 1989-1991 година. Предлозите за специфичните уметнички проекти-амбиенти, интервенции, инсталации, перформанси и др. – се доставуваат во јасно елаборирана писмена форма или скица. Конкурирањето со предлози од областа на архитектурата не е ограничено во тематскиот избор или во начинот на презентацијата (скици, цртежи, проекти, графичка презентација, концепт, макета). Музејот се оградува од финансиското учество во реализацијата на предложените проекти.

Во рамките на Биеналето можат да се организираат и други придружни манифестации. Музејот го задржува правото да ги фотографира сите пријавени дела, да ги објави во каталог и да ги користи во пропагандни цели. Авторите ги подигнуваат своите дела најдоцна еден месец по завршувањето на изложбата на „Биеналето на младите". Тие делата треба да ги доставуваат опремени за излагање и означени со име, презиме и наслов. Исто така, секој учесник е должен покрај делата да ги достави и најзначајните биографски и каталошки податоци (наслов на делото, година, техника, димензии) како посебен прилог (не со каталогот).